ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

www.iph.mk


Ул. “50 Дивизија” бр.6, 1000 СКОПЈЕ

Тел: 02 3 125 044, 3 223 033; Фах: 02 3 223 354

ОДДЕЛ ЗА ЕПИДЕМИОЛОГИЈА НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА

Б И Л Т Е Н

за движењето на акутните заразни заболувања во Република Северна Македонија
во **о к т о м в р и, 2026**



Скопје, 11.11.2026

Содржина:

ПРЕГЛЕД НА АКУТНИТЕ ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА ВО ОКТОМВРИ, 2026 година 3

НАЈЧЕСТО ПРИЈАВЕНИ ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА ВО ОКТОМВРИ, 2026 година 4

ПРЕГЛЕД НА АКУТНИТЕ ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА ВО ОКТОМВРИ, 2026 – по групи 4

ХИВ/СИДА 5

ВАКЦИНО-ПРЕВЕНТАБИЛНИ ЗАБОЛУВАЊА 5

СОСТОЈБАТА СО КОВИД-19 ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА 6

ЕПИДЕМИИ 6

СМРТНИ СЛУЧАИ 6

ГРИП 6

ЛАБОРАТОРИСКИ ИЗОЛИРАНИ ИЛИ НА ДРУГ НАЧИН ДОКАЖАНИ ПРИЧИНИТЕЛИ НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА И РЕЗИСТЕНЦИЈА НА АНТИБИОТИЦИ 7

БОЛЕСТИ КОИ СЕ РЕГИСТРИРААТ КАЈ СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ 7


ПРЕГЛЕД НА АКУТНИТЕ ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА ВО ОКТОМВРИ, 2026 година

Во текот на октомври, 2026 година, во Македонија, пријавени се вкупно **827** заболени лица од акутни заразни заболувања *(без COVID-19, грип, туберкулоза, СИДА, АФП и хронични носителства на хепатит Б и Ц и ХИВ)* со вкупна инциденца од **45,0 на 100.000 жители**.

Во текот на месец октомври се бележи намалување на вкупниот број на заболени лица за 20,6% во однос на претходниот месец септември (n=1.042), намалување во однос на октомври 2025 за 13,9% (n=961), како и намалување во однос на аритметичката средина за периодот 2016–2025 за 26,3% (n=1.122).

Во вкупниот број на заболени во 2026 година, регистрираните случаи во месец октомври учествуваат со 8,9%. Кумулативниот број на пријавените случаи во 2026 (n=9.337) е за 7,3% поголем во однос на кумулативата за истиот период во 2025 година (n=8.701). *(Графикон 1)*

***Графикон 1**: Број на заболени од заразни заболувања по месеци во 2026 и аритметичка средина за 2016-2025*




Најголем број акутни заразни заболувања на ниво на ЦЈЗ е пријавен на територија на ЦЈЗ Скопје (n=299; 36,2%), а најмал број е пријавен во ЦЈЗ Кочани (n=8; 1,0%). *(Графикон 2)*

Највисока инциденца на 100.000 жители на ниво на ЦЈЗ се регистрира на територијата на ЦЈЗ Штип (I=107,3/100.000), а најниска инциденца во ЦЈЗ Кочани (I=9,0/100.000). *(Графикон 2)*

Во месец октомври, 5 ПЕ не доставија пријави за заразна болест до ИЈЗ од територијата што ја покриваат (Демир Хисар, Делчево, Пехчево, Дебар и Валандово). *(Картограм)*

***Графикон 2**: Број на пријавени и инциденца од акутни заразни заболувања по ЦЈЗ во октомври, 2026*



Десетте најчесто пријавувани акутни заразни заболувања во октомври учествуваат со 97,2% во вкупниот број на заболени во месецот и инциденца од 43,8/100.000 жители. *(Табела 1).*

Првите две најчести заразни заболувања учествуваат со 80,3% во вкупниот број на заболени, а со 82,6% во десетте најчесто пријавени акутни заразни заболувања во месец октомври 2026 година.

***Табела 1**: Десет најчесто пријавувани акутни заразни заболувања во октомври, 2026*

Заболување	Број	I/100.000
Ентероколитиси	**453**	**24,7**
Овчи сипаници	**211**	**11,5**
Шуга	**55**	**3,0**
Салмонелози	**37**	**2,0**
Инфективна мононуклеоза	**17**	**0,9**
Легионерска болест	**8**	**0,4**
Вирусен хепатитис Б	**8**	**0,4**
Бактериски алиментарни инфекции и интоксикации	**7**	**0,4**
Заушки	**4**	**0,2**
Мали сипаници	**4**	**0,2**
Вкупно	**804**	**43,8**

НАЈЧЕСТО ПРИЈАВЕНИ ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА ВО ОКТОМВРИ, 2026 година

Во текот на овој месец, **најчесто** регистрирано акутно заразно заболување се **ентероколитите** со вкупно 453 пријавени заболени лица. Тие во вкупниот број на заболени во месецот учествуваат со 54,8%, а во групата на десетте најчести заразни заболувања за овој месец учествуваат со 56,4%.

Во однос на претходниот месец септември (n=694), се регистрира намалување на бројот на пријави од ентероколити за 34,7%, а во однос на месец октомври 2025 (n=288), зголемување за 57,3%. Во однос на аритметичката средина (n=551) се регистрира намалување за 17,8%.

Во вкупниот број на регистрирани ентероколити во 2026 (n=4.766), пријавените случаи во октомври учествуваат со 9,5%. Во вкупниот број на регистрирани акутни заразни заболувања во 2026 (n=9.337), ентероколитите учествуваат со 51,0%.

Кумулативниот број на заболени од ентероколити во 2026 (n=4.766) е за 44,3% поголем во однос на кумулативата во истиот период во 2025 (n=3.303).

На второ место по број на пријавени заболени во месец октомври се **овчите сипаници**, со 211 случаи. Во вкупниот број на заболени во месецот учествуваат со 25,5%, а во групата на десетте најчести заразни заболувања за овој месец со 26,3%.

Во однос на претходниот месец септември (n=123), се регистрира зголемување на бројот на заболени лица од овчи сипаници за 71,5%, додека во однос на месец октомври 2025 (n=533) се регистрира намалување за 60,4%. Во однос на аритметичката средина (n=412) се регистрира намалување за 48,8%.

Во вкупниот број на регистрирани овчи сипници во 2026 (n=2.813), пријавените случаи во октомври учествуваат со 7,5%. Во вкупниот број на регистрирани акутни заразни заболувања во 2026 година (n=9.337), овчите сипаници учествуваат со 30,1%.

Кумулативниот број на заболени од овчите сипаници во 2026 (n=2.813) е за 31,1% помал во однос на кумулативата во истиот период во 2025 (n=4.084).

ПРЕГЛЕД НА АКУТНИТЕ ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА ВО ОКТОМВРИ, 2026 – по групи

Во однос на поделбата на **акутните заразни заболувања по групи,** во октомври, најголем број (n=501) припаѓаат на **цревни заболувања** (60,6%; I=27,3/100.000) *(Графикон 3).* Од нив најголем број (n=453, 90,4%) и инциденца (I=24,7/100.000) се пријавите за ентероколити. Во оваа група се пријавени и 37 случаи (I=2,0/100.000, 7,4%) на салмонелози, 7 случаи на бактериски алиментарни инфекции и интоксикации и по еден случај на џардијаза, листериоза, шигелоза и инфекции предизвикани со E. coli.

Во месец октомври пријавени се 250 случаи на **капкови заболувања** (30,2%; I=13,6/100.000) *(Графикон 3)*. Од нив, најголем број (n=211; 84,7%) и инциденца (I=11,5/100.000), се пријавите за овчи сипаници. Во оваа група пријавени се и 17 случаи (I=0,9/100.000) со инфективна мононуклеоза, 8 случаи на легионерска болест, по 4 случаи на заразни заушки и мали сипаници, 3 случаи на скарлатина, 2 случаи со голема кашлица и еден случај на пневмококна инфекција (пневмококен менингоенцефалит).

Во групата на **останати акутни заразни** заболувања, во октомври се регистрирани 62 случаи (7,5%; I=3,4/100.000) (*Графикон 3*). Од нив 55 се случаи на шуга (87,3%; I=3,0/100.000), по 2 случаи на бактериски менингитис, вирусен енцефалитис и вирусен менингитис и еден случај на други вирусни хепатитиси (вирусен хепатит Е).

Од регистрираните вирусни енцефалити, двата случаи се со дијагностициран WNV енцефалит. Од регистрираните смртни исходи, еден е од новозаболените, додека еден е регистриран во претходниот месец (септември 2026 година).


Во септември 2026 година, во Битола е регистриран првиот пријавен случај на хепатитис Е во Македонија, кај 53-годишно машко лице. Заболувањето се манифестирало со клиничка слика на акутен хепатитис, а дијагнозата е лабораториски потврдена. Епидемиолошкото истражување не утврдило јасен извор на инфекција, ниту податок за патување или контакт со друг заболен во периодот пред појавата на симптомите.

Во групата на **зоонози,** во месец октомври пријавено е едно заболено лице со бруцелоза (I=0,1/100.000) *(Графикон 3)*.

Се работи за машко лице од возрасната група од 30-39 години по професија сточар од рурална средина која ја покрива ЦЈЗ Битола.

Во групата на **сексуално и крвно преносливи инфекции** (без ХИВ/СИДА) регистрирани се 13 заболени лица (1,6%; I=0,7/100.000) *(Графикон 3).* Пријавени се 8 случаи на вирусен хепатит Б, по 2 случаи на сифилис и вирусен хепатит Ц и еден случај на гонореја. *(Табела 1 во Прилог)*

<u>Графикон 3</u>: Структура на заболени по групи на заболувања во октомври, 2026



ХИВ/СИДА

Во текот на месец октомври, пријавени се 3 нови случаи на ХИВ/СИДА, сите од машки пол. Согласно возрасната дистрибуција, две лица припаѓаат на возрасната група над 60 години и едно лице припаѓа на возрасната група од 20-29 години. (*Табела 3 во Прилог*)

Пријавени се две починати лица, претходно пријавени како случаи на СИДА. Едното лице припаѓа на возрасната група од 30-39 години, а другото над 60 години. Двете лица се од машки пол.

Согласно постоечката евиденција на пријавени случаи (заклучно со 31.10.2026), вкупниот број на пријавени ХИВ/СИДА случаи во 2026 година изнесува 52, додека кумулативниот број на лица регистрирани со ХИВ/СИДА во Македонија, за периодот 1987–2026, изнесува 781 и тоа:

- 146 починати лица
- 521 лице кое живее со ХИВ/СИДА
- 114 лица се водат како изгубени за следење (иселени)

ВАКЦИНО-ПРЕВЕНТАБИЛНИ ЗАБОЛУВАЊА

Во однос на вакцино-превентабилните болести, во месец октомври, регистрирани се 19 случаи со инциденца од 1,0/100.000 жители. (*Табела 2 во Прилог*)

Регистрирани се 8 случаи на вирусен хепатит Б, по 2 случаи од Струмица и Скопје и по еден случај од Кичево, Куманово, Крушево и Штип, кои според возраста не подлежат на задолжителна имунизација и не се вакцинирани.

Регистрирани се 4 случаи на заразни заушки, 3 од Скопје и еден од Гостивар. Заболените се на возраст од 2-15 години. Од заболените, едно лице е некомплетно вакцинирано, додека другите 3 лица се вакцинирани согласно возраста. Три случаи се докажани лабораториски и клинички.

Регистрирани се четири случаи на мали сипаници, први случаи во државата во 2026 година:

- Првиот случај е на возраст од 6 месеци, од Велес, невакциниран со МРП вакцина (не подлежи за вакцинација), лабораториски потврден серолошки и молекуларно.
- Вториот случај е на возраст од 11 месеци, од Штип, невакциниран со МРП вакцина (не подлежи за вакцинација), лабораториски потврден серолошки.
- Третиот случај е на возраст од 46 години, од Скопје, со непознат вакцинален статус со МРП вакцина, лабораториски потврден серолошки и молекуларно.
- Четвртиот случај е на возраст од 17 месеци, од Скопје, невакциниран со МРП вакцина (според календар за имунизација и според возраст, подлежи на една доза МРП вакцина), лабораториски потврден серолошки и молекуларно.

Регистрирани се 2 случаи на голема кашлица, од Скопје. Заболените се на возраст од 2 до 7 години. Двете лица се вакцинирани согласно возраста. Двата случаи се лабораториски докажани.

Во оваа група се регистрира и еден случај на пневмококна инфекција. Заболеното лице е од Кавадарци, од 70-79 години и не подлежи на задолжителна имунизација. Случајот е докажан лабораториски и клинички. Кај истото лице се регистрира и смртен исход.

СОСТОЈБАТА СО КОВИД-19 ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА

Во Македонија, во текот на месец октомври, регистрирани се 42 нови случаи на КОВИД-19, при што се бележи зголемување во однос на претходниот месец септември кога имаше регистрирани 12 случаи, како и намалување во однос на месец октомври од 2025 година кога се регистрирани 70 заболени лица.

Во текот на октомври не се регистрирани починати лица асоцирани со КОВИД-19.

Во лабораториите во кои се спроведува молекуларно и антигенско тестирање за присуство на SARS-CoV-2, во текот на месец октомври се тестирани вкупно 657 материјали, за 41,0% повеќе во однос на минатиот месец (n=466).

Од првиот регистриран случај во државата, заклучно со 31.10.2026, пријавени се вкупно 352.552 потврдени случаи на КОВИД-19 (I=19.194,7/100.000) и 10.009 смртни случаи (Mt=544,9/100.000; CFR=2,8%).

ЕПИДЕМИИ

Во текот на месец октомври, до Институтот за јавно здравје нема пристигнато ***пријава за појава за епидемија***.

СМРТНИ СЛУЧАИ

Во текот на месец септември, **регистрирани се 3 смртни случаи од акутно заразно заболување** *(без КОВИД-19, грип, туберкулоза, СИДА, АФП и хронични носителства на хепатит Б и Ц и ХИВ)*.

Кај два случаи е дијагностицирана невро-инвазивна форма на западно-нилска треска. Починатите лица се на возраст од 66 до 81 година. Според место на живеење, случаите се од Скопје и Кавадарци. Двете лица се од женски пол и двете биле хоспитализирани на УК за инфективни болести и фебрилни состојби во Скопје.

Третиот смртен случај е женско лице на 71 годишна возраст, од Кавадарци. Кај лицето е дијагностицирана пневмококна инфекција (пневмококен менингоенцефалит) и било хоспитализирано на КИБФС во Скопје.

ГРИП

Согласно извештајот на ERVISS за состојбата со респираторните вирусни инфекции во Европскиот регион на СЗО, зклучно со недела 43/2026, активноста на вирусот на грип е на карактеристично ниво за овој период од годината. Стапките на синдром на ИЛИ/АРИ се над базичното ниво во 9 од вкупно 28 земји од Европскиот регион на СЗО.
Доминира Influenza A(H1)pdm09, а процентот на позитивни тестови е над 10% во 3 земји. Случаи се регистрирани во сите возрасни групи, но релативниот удел е поголем кај лицата на возраст од ≥65 години.

Во текот на октомври, во Република Северна Македонија на групни пријави за заболени од грип/ заболувања слични на грип, пријавени се вкупно 343 заболени лица (I=18,7/100.000). Од нив, најголем број на заболени и највисока инциденца се регистрира во ЦЈЗ Тетово (n=127; I=76,1/100.000).

Во Вирусолошката лабораторија на ИЈЗ од почетокот на сезоната 2026/2027 пристигнати се вкупно 148 хумани материјали од здравствените установи во државата и детектирани се 10 позитивни примероци на грип – 6 случаи на Influenza A – несубтипизиран и 4 Influenza A(H1)pdm09.

ЛАБОРАТОРИСКИ ИЗОЛИРАНИ ИЛИ НА ДРУГ НАЧИН ДОКАЖАНИ ПРИЧИНИТЕЛИ НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА И РЕЗИСТЕНЦИЈА НА АНТИБИОТИЦИ

Во текот на октомври 2026 година во ИЈЗ се пристигнати 880 *Пријава за изолиран-докажан причинител на заразна болест и резистенција на антибиотици. (Табела 4 во прилог)*

Пријави се пристигнати од микробиолошките лаборатории од територииите на сите 10 ЦЈЗ. Најголем број пристигнати пријави се од лабораториите кои се наоѓаат на територијата на ЦЈЗ Скопје (n=561; 63,8%). (*Табела 4 во Прилог)*

Најчесто пријавувани причинители во месец октомври се: *MRSA* (210; 23,9%) *HPV* (198; 22,5%) и *Chlamydia trachomatis* (n=40; 4,5%).

Според пријавите, резистенција е регистрирана кај *Acinetobacter baumannii, Candida albicans, Citrobacter koseri, Enterobacter, Enterococcus, E. coli, Klebsiella, Morganella morganni, MRSA, Norovirus, Proteus mirabilis, Pseudomonas aeruginosa, Salmonella enteritidis, Staphylococcus aureus, Stenotrophomonas maltophilia, Streptococcus agalactiae*. Во однос на лабораториите кои пријавиле резистенција, пријавите се пристигнати од микробиолошките лаборатории на територијата на сите ЦЈЗ кои доставиле пријави до ИЈЗ.

БОЛЕСТИ КОИ СЕ РЕГИСТРИРААТ КАЈ СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ

Во текот на октомври, ***пристигнати се 7 пријави*** за заразно заболување регистрирани кај странски државјани и тоа: 3 пријави за салмонелоза и по една пријава за рота вирусен ентерит, инфекции со E.coli, ХИВ/СИДА и мали сипаници.

Според земјата од која доаѓаат, 6 случаи се од Косово и еден случај од САД.

Во текот на 2026 година, регистрирани се вкупно 75 пријави за акутни заразни заболувања кај странски државјани. Регистрирани се 23 пријави на ентероколитис, 21 случај со АТИ, 13 пријави за салмонелози, 5 пријави за ХИВ/СИДА, 3 пријави за инфекции со E.coli, по 2 пријави за мали сипаници и рота вирусен ентерит и по една пријава за кампилобактериоза, легионерска болест, денга, бруцелоза, овчи сипаници и голема кашлица.

Според земјата од која доаѓаат, 16 се од Косово, по 12 случаи се од Германија и Турција, 7 од Швајцарија, 5 од Австрија, по 3 од Словенија, Србија, Австралија и Италија, 2 од Канада и САД и по еден од Белгија, Луксембург, Британија, Холандија, Хрватска, Бангладеш и Франција.

Оддел за епидемиологија на заразни заболувања
Институт за јавно здравје на РСМ